# ЈАВЕН ПОВИК

до единиците на локална самоуправа и институциите од јавниот сектор во Република Северна Македонија
за изработка на официјални веб страници

**Цел на повикот**

Во насока на унапредување на дигиталната инфраструктура и зголемување на транспарентноста и пристапноста на локалните самоуправи, Министерството за дигитална трансформација објавува Јавен повик до сите општини и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија за изработка на современа, функционална и достапна веб страница.

Овој повик е дел од иницијативата за дигитализација првенствено на локалната самоуправа, но и подобрување на комуникацијата на јавниот сектор со граѓаните преку современи дигитални решенија.

**Што ќе добијат општините и институциите од јавниот сектор?**

• Изработка на модерен и функционален дизајн на веб страницата на позната платформа
• Поддршка за пристапност и подобрено корисничко искуство
• Интеграција со дигитални услуги и платформи што општината веќе ги користи
•Миграција на постоечки податоци кон новата веб страница
• Обука за одржување и ажурирање на содржината од страна на општинските служби
•Едногодишно одржување на веб страницата

**Право на учество**

Право на пријавување имаат сите општини и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија, без разлика на нивната големина, број на жители или моменталниот статус на нивната веб страница.

**Начин на пријавување**

Барањето треба да ги содржи следниве информации:
1.Назив на општината/ институцијата
2.Контакт лице и контакт податоци (телефон и е-пошта)
3.Краток опис на моменталната веб страница (доколку постои)


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија
Бул.Филип Втори Македонски бр.11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3200 999
www.mdt.gov.mk

**Рок за пријавување**

Пријавите може да се доставуваат најдоцна до 31.12.2025. Пријавите ќе се обработуваат по принципот „прв дојден прв услужен" се до пополнување на расположливиот број на општини и институции што можат да бидат опфатени.

Министерството ќе ги известува пријавените општини и институции за статусот на нивната апликација.

**Склучување на договор**

По завршување на јавниот повик, со секоја пријавена општина и институција ќе се склучи договор за уредување на правата и обврските помеѓу Министерството за дигитална трансформација и општината/институцијата.

Со договорот ќе се утврдат деталите за начинот на реализација на активностите, обврските на двете страни, меѓусебната координација, роковите и начинот на одржување на веб страницата.

**Контакт за дополнителни информации**

Интересот се доставува на електронска пошта: kristijan.kitevski@mdt.gov.mk или на адреса: Министерство за дигитална трансформација, бул. Филип Втори Македонски, бр. 11, 1000 Скопје.

За сите прашања и дополнителни информации, општините може да се обратат на: Телефон: 02/3200- 915 и Е-пошта:kristijan.kitevski@mdt.gov.mk.

Министерството за дигитална трансформација ја охрабрува секоја општина и институција од јавниот сектор, да аплицира и да ја искористи можноста за модерна и интерактивна комуникација со своите граѓани. Заедно го градиме дигиталното општество на иднината – транспарентно, поврзано и достапно за сите.